Бр./Nr 12-348/3
09-09-2025
г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-3207/1 од 24.12.2024 година, оформен по пријава против ---------- --------------, В.Д. Градоначалник на општина ---------- и други службени лица вработени во Општината задолжени за спроведување на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по предметните наводи веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-3207/1 од 24.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.12.2024 година, доставена е пријава против ------------ -----------------, В.Д. Градоначалник на општина ------------- и други службени лица вработени во Општината задолжени за спроведување на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, и оформен е предмет број 12-3207/1 од 24.12.2024 година.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба на горенаведените лица заради пречекорување на границите на своите овластувања и сторени злоупотреби спротивно на Законот за управна постапка во предмет за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект број УП1бр.----------- и непостапување по правосилна судска Пресуда на Управниот суд број --------------- од 12.07.2024 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот управен инспекторат да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши контрола над спроведената постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект, односно дали од страна на градоначалникот е донесен нов Управен акт согласно насоките на Пресудата на Управниот суд од 12.07.2024 година и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Од Државниот управен инспекторат добиен е одговор каде е наведено дека заради утврдување на правилна и целосна фактичка состојба по поднесена пријава од ---------------- ---------------- бил извршен вонреден инспекциски надзор во општина ----------------- над спроведената постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект и непостапување по поднесениот предлог за укинување на потврда за правосилност на Решение ----------------------- од 2016 година.
Се известува дека по извршен непосреден увид во сите списи било констатирано дека против предметното Решение за утврдување на правен статус на безправен објект од 13.06.2016 година, биле водени жалбени постапки пред Министерството за транспорт и врски и тужбени постапки пред Управен суд и Вишиот управен суд, кои завршиле со одбивање на жалбата и тужбите поднесени од -------------------------------------.

Дополнително, наведено е дека при утврдување на фактичката состојба од овој надзор, управниот инспектор го имал предвид и фактот дека од страна на Министертвото за транспорт и врски, постапувајќи по жалба на подносителот, на ден 23.03.2023 година биле донесени две решенија за огласување на ништовност на Урбанистичка согласност за безправен објект од 10.05.2016 година и Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 13.06.2016 година. Од страна на Државниот управен инспекторат инспекциската постапка ИП1 бр.------------ од 10.12.2024 година била запрена поради тоа што не се утврдени никакви неправилности.

ДКСК во своето постапување по оформениот предмет, од увидот во прибавената документација во прилог на која е доставен и Записник за извршен вонреден инспекциски надзор констатира дека, станува збор за спроведена постапка за утврдување на правен статус на изграден објект во која се земени во предвид Пресудата на Управниот суд од 01.04.2024 година, и по која е донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објкет од страна на градоначалникот, кое Решение станало правосилно со датумот на правосилност на Пресудата. Дополнително подносителот во Управната постапка имал на

располагање дополнителни правни лекови, за кои ДКСК нема елементи за надлежност.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за конкретниот случај постапиле други надлежни органи, по што оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата